Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

102 години

Број 564 www.mchamber.mk 12.04.2024



## КОМОРАТА НА ДЕНОТ НА КАРИЕРЕН РАЗВОЈ

15.04.2024, Брокерски настан
Меѓународни деловни средби “GreenTech Days meet Future of Building 2024” од областа на животната средина, енергијата, енергетската ефикасност градежништвото и инфраструктурата, од 17-19 април 2024 година, (хибриден настан), Виена, Австрија

16.04.2024, Тренинг обука
Тридневна обука на тема: Вештини за теренски унапредувачи на продажбата

17.04.2024, Online Бизнис средби
Покана за учество на меѓународни Б2Б средби што ќе се одржат на 25. Меѓународен економски саем Мостар 2024 година, на 17 и 18 април 2024 година во хибриден формат (на лице место и онлајн) - ЕЕН мрежа

17.04.2024, Семинар
МОТИВАЦИЈА И ЗАДРЖУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ – КАКО СО Gen Z?

17.04.2024, Семинар
ВЛИЈАНИЕ НА ХЕМИСКИ ШТЕТНОСТИ ВРЗ ЗДРАВЈЕТО НА РАБОТНИЦИТЕ И БЕЗБЕДНОСТА НА РАБОТНО МЕСТО

17.04.2024, Конференција
„InterConnect“ B2B SME Matchmaking Conference 2024

18.04.2024, Семинар
ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА – ПРИПРЕМАЊЕ, ОБРАБОТКА И ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО ЗА ПОДДРШКА ПРИ НОСЕЊЕ ИНФОРМИРАНИ ОДЛУКИ НА ДРУШТВОТО

18.04.2024, Online Бизнис средби
Меѓународни деловни средби “Meet4Business MEGRA 2024” во областа на градежништво, архитектура и енергија, од 18-19 април 2024 г., Горна Радгона, Р. Словенија, хибриден настан

## ПРАКТИЧНА ОБУКА ВО КОМПАНИЈА - ВИСТИНСКИ ЛУЃЕ НА ВИСТИНСКО РАБОТНО МЕСТО

## САЕМ НА КАРИЕРА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

## СТУДЕНТИТЕ УЧАТ ОД БИЗНИСОТ – ЗНАЕЊЕТО СТЕКНАТО НА ФАКУЛТЕТ Е ПОВАЖНО ОД САМАТА ДИПЛОМА

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




## САЕМ НА КАРИЕРА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ



На Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола, на 12 април по вторпат се се одржа Саем на кариера CAREER EXPO 2024. Можноста за поврзување на студентите од ФИКТ со работодавачите од секторот информациски и комуникациски технологии, како и за промовирање на професијата ИТ инженер, една од најатрактивните на пазарот на труд беа основните цели на Саемот за кариера.

На Саемот на кариера со свои штандови се претставија 24 компании од Битола и регионот, кои пред студентите на ФИКТ и ученици од средните училишта ја претставија својата дејност и понудија стипендии, практиканство и можности за вработување. Настанот беше поддржан и од Советот за унапредување на високото образование и стратешките истражувања, во кој член номиниран од УКЛО е проф. Д-р Марина Блажековиќ Тошевски, како и од Регионалната комора со Седиште во Битола, кога ги обединува најголемите и најзначајните стопанственици од регионот.

На настанот свое обраќање имаше ректорот на УКЛО, проф. д-р Игор Неделковски кој големото присуство на бизнисот го поврза со Битола и регионот, кои имаат развиена ИТ индустрија и потреба од кадар, при што, Факултетот за информатички и комуникациски технологии се препознава како главен извор на квалитетени студенти и професионалци.

Во рамки на Саемот за кариера беше одржана и панел дискусија на тема: „Подобрување на амбиенталните капацитети на ФИКТ", додека истовремено ФИКТ е домаќин и на дводневен хакатон на тема „Паметна околина и паметни алатки". На хакатонот учество завземаа 12 тимови од студенти на ФИКТ и средношколци од Битола и Демир Хисар, кои на крајот на настанот ќе бидат презентирани, а најдобрите проекти ќе добијат и награда.

# КОМОРА НА ДЕН НА КАРИЕРЕН РАЗВОЈ




Водени од потребата за афирмација на кариерниот развој на идните академски граѓани, нивно запознавање со потенцијалните работодавачи, но и со можностите кои различни сектори ги нудат на пазарот на труд, Стопанската комора на Северна Македонија, преку Советот за унапредување на високото образование и стратешките истражувања во соработка со Универзитетот Св.Кирил и Методиј – Скопје и Центарот за кариера при УКИМ организираа „Ден за кариерен развој“.

Повеќе од 30 компании членки на Комората на своите штандови ги презентираа можностите за реализација на практична обука, како за време на студирањето, така и по завршувањето на студиите, дополнително регрутерите и претставниците од секторите за човечки ресурси од компаниите ги презентираа и можностите за вработување и кариерен развој. Покрај компаниите, свој штанд имаше и Стопанската комора, каде студентите имаа можност да се запознаат со коморските активности во доменот на образование, арбитража како и за Концептот на Комора на иднината и новите трендови во бизнисот. Во рамки на настанот беше организиран и Отворен ден на УКИМ, на кој средношколците имаа прилика да се запознаат со можностите за кариерен развој кои ги нудат факултетите во рамки на УКИМ.



На настанот поздравни обраќања имаа ректорката на УКИМ, проф. д-р Биљана Ангелова и раководителката на Центарот за кариера, проф. д-р Јасмина Тониќ Рибарска и претседателот на Универзитетското студентско собрание на УКИМ, Александар Николовски. Пораката која ја упатија кон студентите е дека настаните за кариерен развој се одлична можност за вмрежување со компаниите како нивни потенцијални работодавачи. Потенцијалот кој го нудат присутните компании е огромен, ако се земе предвид дека структурата на присутни компании креира околу половина од БДП на државата што говори за нивната моќ и двигател на економскиот развој.

Интерактивниот „Ден за кариерен развој“, опфати и дискусии, насоки и советување, како од претставниците на единиците при УКИМ, така и од страна на компаниите, преку запознавање на студиските програми, можностите за стипендирање, вклученоста во научноистражувачки проекти, можностите за меѓународна размена и за студентскиот живот, со цел инспирација, насочување и помош во донесување одлука при изборот на конкретната академска средина или идниот кариерен развој во бизнис-средината.

Во периодот што следи Советот за унапредување на високото образование и стратешките истражувања при Стопанската комора на Северна Македонија во соработка, со останатите Универзитети ќе реализира настани и во другите универзитетски градови, во насока на запознавање на идните академски гражани со можностите за вработување и кариерно наосчување кои ги нудат компаниите.



# Студентите учат од бизнисот – знаењето стекнато на факултет е поважно од самата диплома



Од соработката помеѓу Комората и Универзитетот „Гоце Делчев"-Штип произлегоа низа активности кои веќе се ефектуираат, а токму една таква активност беше и денешното предавање од циклусот „Студентите учат од бизнисот", кои се реализираат во текот на академската 2023-2024 година, како дел од активноста „Денови на отворена врата", согласно со концептот на Советот за унапредување на високото образование и стратешките истражувања кој пред 2 години беше основан од страна на Стопанската комора на Северна Македонија како форма која поттикнува континуирано функционално образование во согласност со барањата и потребите на реалниот сектор.

Целта на овие настани е студентите да се запознаат со добрите практики на еминентни претставници од бизнис заедницата, а преку посета на компании да се запознаат со работните процеси, технологијата, автоматизацијата на компаниите, но и да добијат појасна слика за секторите и дејностите во кои имаат перспектива да градат кариера,  како иден човечки потенцијал.

На настанот поздравно обраќање имаше и м-р Михајло Донев, претседател на Советот за унапредување на високото образование кој потенцираше дека потребата за доближување на идниот човечки потенцијал до работодавачите беше основниот мотив за иницирање активности со кои ќе се поврзат работодавачите, факултетите и студентите, за подобро запознавање на студентите со перспективите во одредена компанија или сектор , како иден стручен кадар на пазарот на труд. Во реализацијата на активностите поддршка дава и



Советот за унапредување на квалитетот на тренингот и обуката со кој заеднички се работи на афирмирање на системското уредување на практичната обука во високото образование.

Студентите на УГД имаа прилика да го проследат предавањео од страна на м-р Анатол Кутревски, втор извршен директор на Пекабеско АД Скопје. Кутревски пред студентите направи осврт на значењето на високото образование и примената на стекнатото знаење за обавувањето на работните задачи, посочувајќи им на студентите дека како личности кои кариерно треба да се насочат мораат да бидат љубопитни, упорни, да го јакнат своето критичко размислување, да знаат да превземаат ризик, да учат од грешките, континуирано да се усовршуваат и пред сè, да го работат она што го сакаат. Презентирајќи ја дејноста на Пекабеско АД, Кутревски го потенцираше значењето во континуирано вложување во современа опрема и процеси на автоматизација и дигитализација и во унапредување на знаењата и вештините на човечкиот потенцијал во компанијата, која од дистрибутер на храна прерасна во производител на сувомеснати производи кои се препознаени како во Македонија и земјите од регионот, така и пошироко.



# Практична обука во компанија - вистински луѓе на вистинско работно место



Клучен сегмент во секојдневното работење на компаниите е да имаат вистински луѓе на вистинско работно место, што придонесува за продуктивноста на организацијата, но и за задоволство на вработените. Стручното образование и обука преку реализација на учењето преку работа на реално работно место, придонесува за градење на капацитети и продуцирање соодветен стручен кадар, затоа што овозможува учениците да се стекнат со практични вештини, да ја разберат теоријата и да се поврзат со реалниот свет. Учењето преку работа е процес кој ги поврзува образовниот и реалниот сектор и придонесува за:



1. Подготвувањеза реални ситуации: Учењето преку работа им овозможува на учениците да ги искусат реалните работни ситуации и предизвици и да се подготват за својата идна кариера.

2. Развивање на вештинии подобрување на самодовербата: Учењето преку работа ги развива практичните и меките вештини на учениците за да бидат подготвени за работните процеси или за секојдневниот живот и им дава поголема самодоверба која е важна за успешното справување со предизвиците во животот.

3. Зајакнување наврскитесо индустријата: Учењето преку работа ги поврзува учениците со индустријата и потенцијалните работодавци што помага: на работодавците да ги подготвуваат учениците според нивните работни процеси, а на учениците да изградат мрежа на контакти и да добијат информации за пазарот на труд.

4. Развивање на кариерните можности: Учењето преку работа да им помага на учениците да ги искусат различните аспекти на работата и да ја изберат својата кариера или професија.

5.Поврзување со потребите на пазарот на трудот:Учењето преку работа им овозможува на учениците да се запознаат со барањата и потребите на пазарот на трудот и подобро да се подготват за идните деловни предизвици.

Овој процес беше препознат од компанијата „Сварог“ ДООЕЛ, Прилеп, која во соработка со СОУ „Ристе Ристески-Ричко“, Прилеп, им овозможува на учениците од машинска струка, практичниот дел од наставата да го реализираат во нивната организација.

За квалитетна реализација на учењето преку работа, компанијата е верификувана за реализација на практична обука на ученици и поседува сертифициран ментор кој ги води учениците низ целиот процес. Обуката за менторот и верификацијата на компанијата ја спроведе Стопанската комора.

Компанијата „СВАРОГ“ ДООЕЛ, Прилеп, се занимава со услуги, производство, дизајн и машинска обработка на различни машински компоненти и производи од метал (железо, алуминиум, бакар, месинг, алатни челици), материјали од пластика, бакелит, плексиглас и други материјали. Активностите и услугите на компанијата опфаќаат: стругање и глодање на ЦНЦ машини; сечење и гравирање на хибриден ласер, општи дреарски работи (стругање и глодање) на универзални дребонзи и фрези; термичка обработка и слични машински работи и услуги.

**СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




**Повик**
**15.04.2024**

# Повик за грантови за енергетска ефикасност за МСП до 10.000 евра - EENergy повик https://eenergy.grantplatform.com, Enterprise Europe Network

Во рамки на проектот Enterprise Europe Network, се спроведува отворен повик, за грантови за МСП, т.н. EENergy повик, каде малите и средни претпријатија можат да аплицираат за финансиска поддршка за имплементација на подобрувања во енергетската ефикасност.

Грантот EENergy е еднократен и ќе им се додели на поединечни МСП по подготовката и имплементацијата на конкретен акционен план чија цел е најмалку 5% подобрување на енергетската ефикасност.

Ги покануваме сите македонски компании да поднесат Формулар за апликација, достапен на веб-страницата на проектот https://eenergy.grantplatform.com. Повикот е отворен до 15 април 2024!

Програмата ќе поддржи најмалку 1800 мали и средни претпријатија во развојот на Акциони планови за подобрување на нивната енергетска ефикасност, со грант за EENergy до 10.000 евра за најмалку 900 МСП од следниве три категории:

А. Инвестиции: Оваа категорија опфаќа имплементација, стекнување, купување и/или инсталирање на нов софтвер, хардвер, опрема или други технологии, како:

• Придонеси за купување и инсталирање на системи за обновлива енергија како што се соларни панели, турбини на ветер, инвертори, системи за складирање или која било друга релевантна опрема.
• Имплементација на софтвер за енергетска оптимизација/управување на производна линија.
• Замена на стар котел со модерен со поефикасни технологии.
• Замена на застарените единици за напојување со модерни и ефективни единици.

Б. Консултантски услуги: Оваа категорија опфаќа советодавни и консултантски услуги поврзани со идентификација и спроведување на подобрувања во енергетската ефикасност, како и енергетски контроли, како на пример:

•Извршување на детална анализа на потребите на корисникот на МСП и дефинирање на детална инвестиција патоказ за подобрување на енергетската ефикасност.
•Спроведување технички консултации за да се идентификуваат областите за подобрување на енергетската ефикасност и соодветни технологии на пазарот.
•Извршување на енергетска контрола.

В. Вештини и обука: оваа категорија опфаќа пристап до обуки, курсеви, часови и програми за едукација и усовршување на вработените во теми за енергетска ефикасност, како на пример:

• Обука за вработените за најдобри практики, свесност, регулаторни аспекти и однесување промена поврзана со енергетската ефикасност.
• Квалификација на вработените да станат овластени енергетски ревизори.
• Обука за технологии за енергетска ефикасност, дигитални алатки за енергетска анализа.

Можна е мешавина на активности од трите типа, со вкупни буџети поголеми од 10.000 евра, но целокупното финансирање од грантот што треба да се обезбеди нема да надмине 10.000 евра по МСП.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

Кристина Кузеска
++ 389 2 3244019
kristina@mchamber.mk



**Тренинг обука**
**16.04.2024 - 10.05.2024**

# Тридневна обука на тема: Вештини за теренски унапредувачи на продажбата

Стопанската комора на Македонија во организација на Европската мрежа на претприемачи (ЕЕН), Ве покануваат да земете учество на денови на технологија и деловна соработка 2023 година, “Technology & Business Cooperation Days 2024.

Деновите на технологија и деловна соработка 2024 година повторно ќе се организираат како традиционален брокерски настан со лични состаноци на саемот Hannover Messe 2024 саемот, од 22– 25 април 2024 година, со (физичко присуство).

Онлајн-состаноците ќе бидат организирани две недели пред саемот од од 9 до 11 април 2024 година, со онлајн учество, во рамки на саемот.

На деновите на технологија и деловните средби, ќе присуствуваат компании од целиот свет, и учесниците ќе имаат можност да остварат директни деловни контакти со потенцијални партнери, добавувачи, подизведувачи и клиенти на четири главни теми, во делот на:

Индустрија 4.0 и паметни производствени решенија
Ресурси и енергетски ефикасни производствени технологии
Одржлива енергија и мобилност
Алатки за мерење на процесите

Сите заинтересирани компании своето учество можат да го пријават со регистрација на следниот линк, најдоцна до 8.4.2024 година: Technology & Business Cooperation Days 2024 | Login (b2match.io), каде што ги има и сите подетални информации во врска со настанот. Учеството на настанот е бесплатно.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

Кристина Кузеска
++ 389 2 3244019
kristina@mchamber.mk

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

TÜV NORD ISO 9001:2015

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

102
*години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел.: (02) 3244000, факс: (02) 3244088